РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1578/
29-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предметот со број 12-2227/1 од 15.08.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што надлежниот орган не констатира повреда на прописите од областа на високото образование.

Предметот со број 12-2227/1 од 15.08.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2227/1 од 15.08.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Наводите од пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски состав на комисија при одбрана на магистерски труд на лицето ///, тогаш магистрант на ///. Како што е наведено во пријавата, тројцата членови на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд не биле со степен доктор на науки во соодветната научна област.

Со цел утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК побара од Државниот просветен инспекторат на РСМ да изврши вонреден инспекциски

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

надзор во горе посочената високо образовна установа, да ги испита наводите од пријавата и до ДКСК да достави записник од извршениот вонреден инспекциски надзор.

Од страна на Државниот просветен инспекторат на РСМ до ДКСК доставен е Записник за извршен вонреден инспекциски надзор /// од /// година и со увидот во истиот, се утврди дека предметните наводи се неосновани. Не е констатирана повреда на прописите од областа на високото образование со кои е уредена материјата за состав на комисијата за оценка и одбрана на магистерски трудови, врз основа на што ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., рководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Подносителот.